Јавно Комунално Претпријатие
БРЕГАЛНИЦА ПО
Бр. 0202-287/2
30.03 2026 год.
ДЕЛЧЕВО

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ бр.38/96 6/2002 40/2003 97/2010 119/3 39/16) и член 38 од Статутот на ЈКП Брегалница Делчево Управниот одбор на седницата одржана на ден 30.03.2026 година го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК

## за начинот на користење, управување и одржување на службените возила на ЈКП "Брегалница" -Делчево

## I. Општи одредби

### Член 1

Со овој Правилник се уредува начинот на користење, управување, контрола и одржувањето на службените возила во сопственост на ЈКП Брегалница- Делчево.

### Член 2

За службено возило во смисла на овој Правилник се смета секое моторно возило во сопственост на ЈКП Брегалница -Делчево кое се користи за службените потреби на врботените во ЈКП Брегалница -Делчево.

### Член 3

Службените моторни возила во сопственост на ЈКП Брегалница -Делчево можат да се користат за:

Извршување на службени работи и работни задачи на територија на Општина Делчево;

Извршување на службени работи и работни задачи на територија на Република Северна Македонија;

Службени патувања во странство.

## II. Постапка за користење на службени моторни возила

### Член 4

Службено возило во сопственост на ЈКП Брегалница може да се користи за службени потреби на раководните лица и други вработени во ЈКП Брегалница -Делчево само врз основа на претходно потпишан налог за користење на моторно возило.

Забрането е користење на службено возило за било која друга намена без одобрено барање и без потпишан патен налог.

**Член 5**

За секое користење на службено возило задолжително се издава патен налог во писмена форма.

Патниот налог од став 1 на овој член го пополнува возачот, а го потпишуваат корисникот на возилото и раководителот на соодветното одделение кое го користи службеното возило или директорот на претпријатието.

За патувања во странство налогот го потпишува Директорот.

Патниот налог мора да биде даден на потпис кај соодветно овластено лице пред почетокот на користење на службеното возило.

Без потпишан налог од страна на налогодавачот налогот не смее да се изврши.

Патните налози за службените возила ги потпишуваат одговорните лица на поединечните сектори во рамките на претпријатието.

Исклучок од претходниот став се службените возила **Škoda Yetti** и **Dacia Duster**, за кои патните налози ги потпишува директорот на претпријатието.

**Член 6**

Налогот за користење на службено возило ги содржи следните податоци:

1) Реден број на налогот
2) Вид на возилото и регистарски број
3) Име на возачот
4) Име на лице кое го користи возилото
5) Релација на патувањето
6) Цел на превозот
7) Време на тргнување и време на враќање
8) Почетна и крајна километража

**Член 7**

За бројот на поминати километри, поправки и настанати трошоци (потрошено гориво, масло, течност за бришачи, патарини и други трошоци) како и издадените патни налози за користење на службено возило од страна на возачот се изготвува писмен извештај .

**Член 8**

Во случај на итна потреба од превоз за службени потреби на корисникот на службеното возило возачот на службеното возило или друг вработен може да го изврши превозот без одобрување од страна на Директоорот на ЈКП Брегалница-Делчево  и без да биде потпишан налог од овластено лице, но претходно тоа да биде информирано (телефонски или преку смс порака) односно превозот да биде одобрен од негова страна, а патниот налог ќе биде потпишан од негова страна веднаш по враќањето на возилото во ЈКП Брегалница Делчево.

**Член 9**

Директорот на претпријатието има право на 24 часовно користење на службеното возило со или без возач исклучиво за службени потреби.

## III. Управување конторла и одржување на службените возила

**Член 10**

Со службените возила во сопственост на ЈКП Брегалница Делчево може да управува само вработен во ЈКП Брегалница Делчево на кој му е даден патен налог за управување на службено возило и кој поседува важечка возачка дозвола од соодветната категорија.

Лице задолжено за контрола, одржување, исправноста на возилото нивното редовно сревисирање и регистрација на истите е овластено лице од страна на Директорот на претпријатието.

И друго вработено лице во ЈКП Брегалница Делчево може да управува со службено возило на ЈКП Брегалница Делчево кое треба да поседува важечка возачка дозвола од соодветната категорија и патен налог при патување со службеното возило.

Вработениот во ЈКП Брегалница Делчево кој управува со службеното возило е должен да го провери патниот налог, внимателно да управува со возилото, да се грижи за хигиена на возилото, да провери дали се исправни сите светлосни знаци и странични огледала на возилото, по завршувањето на патувањето да го врати службеното возило во ЈКП Брегалница Делчево.

**Член 11**

Патниот налог за користење на возило за службени дејствија како и листата за евиденција за сервисирање се чува во секое возило.

**Член 12**

Лице задолжено за контрола на службените возила како и водење на целосна евиденција и грижа за истите, грижа за нивната исправност, редовно сервисирање и регистрација, набавка на резервни делови потрошено гориво и мазива е овластено лице од Директорот на ЈКП Брегалница Делчево.

**Член 13**

Работниците на работните места возач се задолжуваат да се грижат за редовните проверки на возилата (одржување на хигиената, дотур на гориво, контрола на течности како и проверка на исправноста на возилото).

Во случај на управување на возилото од повеќе возачи истите се должни меѓусебно да се известуваат за состојбата на возилото.

Забрането е користење на службеното возило за приватни цели без одобрение, давање на возилото на друго лице без дозвола, управување со возилото под дејство на алкохол, како и превоз на лица или стока што не е поврзана со службената работа.

## Член 14

Ако возачот на службеното возило кој управува со возилото, по своја вина направи сообраќаен прекршок или предизвика сообраќајна незгода што ќе доведе до оштетување на возилото или штета, или го користи возилото за намени кои не се предвидени во овој правилник, покрај другите преземени соодветни мерки во целост ги сноси и трошоците за направената незгода коишто се надоместуваат од неговата палата.

Во случај на сообраќајна незгода возачот на службеното возило е должен да повика полиција и да побара полицијата да состави записник и веднаш да го извести непосредно претпоставениот раководител или Директорот на претпријатието.

## Член 15

Службените возила во сопственост на ЈКП Брегалница Делчево треба да ја поседуваат следната опрема

1. Резервна гума
2. Дигалка за кола
3. Алат за промена на гума
4. Сандаче со прва помош
5. Комплет за резервни ламбии за светла и покажувачи на правец
6. Опрема за зимски услови (зимски гуми или ланци)
7. Флуросцентен елек
8. Чекан за стакло
9. Противпожарен апарат
10. Триаголник (за одбележување во случај на дефект)
11. Сет опрема (сета опрема која погоре не е опфатена, а е законска обврска)

## Член 16

За одржување на службените возила се избираат овластени сервисери во согласност со законски утврдената постапка.

Сите направени трошоци мора да бидат евидентирани со соодветна документација (фискални сметки или фактури).

Начинот на плаќање на патарина се врши готовински, со банкарски картици и со купување на бесконтактни смарт картици или уред за електронска наплата на патарина.

Трошоците за патарина се надоместуваат врз основа на приложена фискална сметка што се доставува по завршување на службениот пат до одделението за финасиски прашања како составен дел од платниот налог.

Трошоците за услугите за паркирање се евидентираат со СМС порака од службен телефон, фискална сметка или талон за платен налог.

Трошоците за услугите за паркирање се надоместуваат врз основа на приложена фискална сметка или талон за платен паркинг, кои се доставуваат до одделението за финасиски прашања.

**Член 17**

Корисникот што го управува службеното возило има одговорност да го управува и да се грижи за исправноста на службеното возило што му е доверено на користење придржувајќи се на техничките нормативи и прописи со кои се уредува јавниот сообраќај.

Корисникот што го управува возилото доколку забележи дека возилото што му е доверено на користење има оштетување или друг надостаток веднаш го известува одговорното лице или непосредно претпоставениот, кој потоа го известува Директорот.

## IV. Завршни одредби

**Член 18**

Овој правилник да се достави до сите раководни работници на претпријатието и да бидат запознаени сите врботени со неговата содржина.

**Член 19**

За се што не е регулирано со овој Правилник ќе се применуваат одредбите од Колективниот договор како и позитивните законски и подзаконски прописи.

**Член 20**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објава на огласна табла на ЈКП „Брегалница“ Делчево.

ЈКП „Брегалница“ Делчево
Претседател на Управен Одбор
Илчо Илиев

30.03.2026 год.
Делчево